Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

С К О П Ј Е

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

**Бр. 42-6019/1**
**7.07.2015 год.**

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Осумдесет и петтата седница**
**на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 7.07.2015 година**

„ТОЧКА 162: Информација за прогресот на проектот - Информационен систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) (период од 1.03.2015 до 1.07.2015 година)

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогресот на проектот - Информационен систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) (период од 1.03.2015 до 1.07.2015 година) и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат институциите објавени на веб локацијата http://mioa.gov.mk/?q=node/3996, во рок од седум дена да ги достават во хартиен облик со потпис на раководно лице на институцијата, до м-р Иво Ивановски, министер за информатичко општество и администрација, податоците кои се однесуваат на институцијата, на раководното лице и на лицето вработено во организационата единица за управување со човечки ресурси или лице кое ги извршува работите на таа организациона единица, а кое ќе биде овластено од страна на раководното лице за работа со Информациониот систем за управување со човечки системи (ИСУЧР) и тоа во формуларот кој е даден на истата локација (http://mioa.gov.mk/?q=node/3996), како и да испратат порака до електронската адреса hrmis@mioa.gov.mk, со која ќе одберат од распоредот објавен на истата локација (http://mioa.gov.mk/?q=node/3996), еден од предложените датуми за присуство на обука и со предмет *Пријава за учество на обука за ИСУЧР за недела XX* да го потврдат своето присуство.

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

2. Се задолжуваат институциите објавени на веб локацијата http://mioa.gov.mk/?q=node/3996, да ги покријат трошоците за превоз на своите вработени кои ќе присуствуваа на обуката во избраниот термин.

3. Се задолжуваат институциите, најдоцна до 1 ноември 2015 година да ги внесат и редовно одржуваат податоците за својата институција и своите вработени во Информациониот систем за управување со човечки системи (ИСУЧР), заради потребата за генерирање на извештај од Регистарот на вработени во јавниот сектор."

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Кирил Божиновски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
-сите министерства

Подготвил: Катерина Јаневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Биљана Цоневска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска